315 14

ВЕЧЕР ☆ 10 мај 1984 година 6476, 9,

УТРЕВЕЧЕР ВО ДОМОТ „25 МАЈ" ВО СКОПЈЕ

# Музичко — филмска вечер

Утревечер во 19 часот во галеријата на Домот на младите „25 Мај" во Скопје, ќе се одржи мултимедијална вечер која ќе биде исполнета со богата музичка и филмска програма, а предвидена е и средба со творештвото на Симон Узуновски. Најпрво посетителите ќе можат да го проследат завршниот дел на процесуалните творби на Симон Узуновски чии дела се изложени во изложбениот простор на галеријата веќе дваесетина дена.

Во музичкиот блок од вечерта ќе земат учество Љубомир Стојсављевиќ и Ѓоко Хаџи-Николовски кои ќе се претставaт со „Ритмичен настап на бас и тапани".

На крајот од програмата ќе бидат прикажани краткометражниот филм „Тенант" на Милчо Манчевски како и долгометражниот филм „Поинт бланк" на М. Борман.